Врз основа на член 167 став 1 точка б) и член 190, а во врска со членот 21 став 6 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија, бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 06.12.2013 година, го утврди Неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност. Неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност ги опфаќа: Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.122/2006) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност (Службен Весник на РМ бр.147/2010).

**Број 03-1984/1**
**Скопје, 06.12.2013 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија**
**Претседател**
**М-р Елизабета Чингаровска**

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**(НЕОФИЦИЈАЛЕН ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Член 1**

Со Правилникот за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Правилник) поблиску се уредува начинот и постапката за запишување на хартии од вредност, кои се продаваат по пат на јавна понуда.

**Член 2**

(1) Запишувањето на јавно понудените хартии од вредност се врши преку овластена берза за хартии од вредност која за тоа има договор со издавачот.

(2) Запишувањето на јавно понудените хартии од вредност се врши во рокот утврден со Актот за издавање на хартиите од вредност, поканата за запишување на хартии од вредност и проспектот за запишување на хартии од вредност.

(3) Постапката за запишување на хартии од вредност се спроведува преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на овластената берза и овластен депозитар и истите се должни да обезбедат запишувањето на хартиите од вредност да се врши во согласност со Законот за хартии од вредност, овој Правилник, како и согласно правилата на овластената берза со која издавачот има склучено договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот.

(4) Издавачот на хартии од вредност е должен со овластената берза да склучи договор за запишување на јавно понудени хартии од вредност со кој се регулираат односите помеѓу договорните страни при спроведување на запишувањето на јавно понудените хартии од вредност преку овластената берза и со кој договорните страни се обврзуваат запишувањето да се спроведе во согласност со актот за издавање на хартиите од вредност, Законот за хартии од вредност, овој Правилник и правилата на берзата.

(5) Издавачот на хартии од вредност е должен да склучи договор за соработка со овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар, со кој го овластува да го застапува во постапката на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку овластената берза и во негово име да го изврши пласманот на хартиите од вредност од јавната понуда што се запишуваат преку овластена берза, согласно правилата на овластената берза и правилата на овластениот депозитар.

**Член 3**

(1) Издавачот е должен да обезбеди потребен број примероци на проспектот кај сите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на овластената берза и овластениот депозитар наведени во проспектот, чијашто содржина е во согласност со Законот за хартии од вредност и Правилникот за формата и содржината на проспектот.

(2) На барање на секое заинтересирано лице овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар е должен да му обезбеди примерок од проспектот.

**Член 4**

(1) Издавачот е должен на заинтересираните лица да им стави на располагање најмалку еден примерок од статутот или актот за основање на издавачот на хартиите од вредност преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на овластената берза и овластениот депозитар.

(2) Доколку издавачот изготвил понови финансиски извештаи од оние објавени во проспектот, издавачот е должен, на заинтересираните лица да им стави на располагање најмалку еден примерок од новите финансиски извештаи преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на овластената берза и овластениот депозитар.

**Член 5**

(1) Лицето кое запишува хартии од вредност односно неговиот полномошник задолжително пополнува и потпишува Писмена изјава, согласно Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Уписницата од став 1 на овој член се пополнува и потпишува во два примероци, од кои еден за издавачот, а другиот за лицето кое запишало хартии од вредност.

(3) Уписницата од став 1 на овој член претставува доказ за запишани хартии од вредност кои се продаваат по пат на јавна понуда.

(4) Уписницата од став 1 на овој член се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии од вредност од јавна понуда на хартии од вредност кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување. Овластениот учесник ги чува сите уписници до завршување на рокот за запишување на хартиите од вредност, а потоа само оние кои се со правна важност ги доставува до издавачот.

**Член 6**

Издавачот е должен, по завршување на рокот за запишување, по барање на лицата кои запишале хартии од вредност да им стави на увид список на сите запишани хартии од вредност.

**Член 7**

Доколку до истекот на рокот за запишување се запишат повеќе хартии од вредност од обемот на емисијата, распределбата на запишаните хартии од вредност се врши согласно Актот за издавање на хартиите од вредност на издавачот.

### Член 8

(1) Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар е должен на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи податоци за:

а) називот на издавачот на хартиите од вредност од јавната понуда со кои е тргувано;
б) видот, родот и класата на хартиите од вредност со кои е тргувано;
в) видот на налогот - куповен или продажен;
г) количината на хартиите од вредност со кои е тргувано;
д) цената по која хартиите од вредност се купени, односно продадени;
ѓ) надоместокот за извршената трансакција;
е) датумот на приемот на налогот за тргување;
ж) датумот на порамнување на трансакцијата и
е) напомена дека порамнувањето ќе се изврши по завршувањето на рокот за запишување и уплата на јавната понуда на хартии од вредност и дека правата од хартиите од вредност ќе настанат од моментот на нивното запишување во овластениот депозитар.

### Член 9

(1) По завршувањето на емисијата, хартиите од вредност се запишуваат во книгата на хартии од вредност на друштвото која се води во овластениот депозитар за хартии од вредност.

(2) Правата и обврските од хартии од вредност настануваат од моментот на нивното запишување во овластениот депозитар за хартии од вредност.

### Член 10

Доколку издавачот определил процент на успешност на емисијата и ако се запишат помалку хартии од вредност отколку што изнесува утврдениот процент на успешност, емисијата се прогласува за неуспешна и издавачот е должен на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност од таа емисија да им ги врати уплатените средства зголемени со депозитна камата која е дефинирана во член 2 став 1 точка 12 од Законот за хартии од вредност.

### Член 11

Издавачот е должен постапката за запишување хартии од вредност да ја спроведе во рокот утврден со Актот за издавање на хартии од вредност.

### Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

### Член 13

Неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност ќе се објави на веб страната на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

# ПИСМЕНА ИЗЈАВА
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**НАПОМЕНА: Запишувањето на хартиите од вредност се врши врз основа на покана за запишување на хартии од вредност во весникот ________________ на ден ______ година, проспект за запишување хартии од вредност, како и Акт за издавање хартии од вредност (Одлука за емисија) бр. ___ од ________ година. Лицето кое запишува хартии од вредност е запознаено со содржината на Проспектот и Актот за издавање на хартии од вредност.**

**Место и време (датум, час и минута) на запишување на хартиите од вредност ______________**

*I ДЕЛ (го пополнува овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар)*

*1. Податоци за акционерското друштво - издавач на хартиите од вредност*

Назив и седиште: ________________________________

Адреса: ________________________________

Телефон: ______________________ Факс: ______________________

Лице за контакт: ________________________________

Единствен даночен број: ________________________________

*2.Податоци за емисијата на хартии од вредност*

Редослед на емисијата: ________________________________

Износ на емисијата: ________________________________

Број и вид (род) и класа на хартии од вредност што се издаваат:_________ _________

Номинална вредност на хартиите од вредност: ________________________________

Продажна цена на хартиите од вредност ________________________________

Начин на плаќање на хартиите од вредност: ________________________________

Начин на распределба на хартиите од вредност: ________________________________

Рок за реализација на емисијата: ________________________________

Рок за упис на зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар: __________

Рок за упис на хартиите од вредност во депозитарот на хартии од вредност: __________

*II ДЕЛ (го пополнува лицето кое запишува хартии од вредност)*

*1. Податоци за хартиите од вредност кои се запишуваат*

Вид (род) и класа на хартиите од вредност: ________________________________

Број (количина) на хартии од вредност: ________________________________

Начин на плаќање на запишаните хартии од вредност: ________________________________

*2. Податоци за лицето - купувач на хартиите од вредност*

Име и презиме (за физичко лице); назив и седиште (за правно лице): ______________

Адреса: ________________________________

Телефон: ______________________ Факс: ______________________

Лице за контакт (за правните лица): ________________________________

ЕМБГ / ЕДБ / Број на пасош за странско лице / ЕМБГ на полномошникот: ___________

Државјанство ________________________________

| | |
|---|---|
| **Потпис на лицето кое запишува Долгорочни хартии од вредност:** | **Потпис на одговорното лице на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар кое го примило налогот за купување на хартии од вредност од јавна понуда** |

______________________ **М.П.** ______________________